ADING

# БИТЕК-М

*Готова смеса за изведба на еластична хидроизолација произведена врз основа на битумен каучук*

## Област на примена:

За хидроизолација на темели, подрумски ѕидни и подни површини, рамни покриви, катни гаражи, вкопани бетонски елементи, таложници, бетонски и челични резервоари, санација на стари изолации и сл. Добрата хемиска отпорност на БИТЕК-М, овозможува примена на овој производ при заштита на градежни конструкции од агресивни води.

## Својства:

- Еднокомпонентна пастозна смеса;
- Се нанесува по ладна постапка;
- Одлична еластичност;
- UV-стабилен;
- Не содржи азбест;
- Едноставен за изведба;
- Одлична адхезија за подлога;
- Отпорен на хемиски агресии;
- Возможно нанесување на различни видови подлоги;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Црна вискозна маса |
| Волуменска маса: | 1,2 - 1,3 гр/см$^3$ |
| Содржина на сува материја: | 65±2% |
| Издолжување при кинење при 20°: | 180% |
| Време на сушење при 20° C: | 24 часа |
| Температура при експлоатација: | - 20°C до +90°C |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде здрава, чиста, сува, обеспрашена и обезмастена. Доколку подлогата има сегрегирани места или пукнатини, истите треба да се санираат со Репаратур малтер или епоксиден кит Адингпокс-К. Дилатационите спојници треба да се обработат со Битек-К пред нанесувањето на Битек-М.
Металните површини, треба да бидат чисти, без остатоци од боја, корозија, масло, или други материи. Пожелно е површината да се исчисти со Растворувач-П пред да се изврши аплицирање на материјалот.
Влажноста на подлогата треба да е мах. 7%, а температурата на подлогата од 5°C до 25°C.

## Вградување:

Вградувањето се врши со тврда четка или глетарка, во два или три наноса на претходно обработена подлога со Битек-П.
Првиот нанос се вградува по целосно сушење на прајмерот (околу 3 часа на T= 20°C) во дебелина од 1 мм. Во сé уште свежиот нанос се втиснува изолациона мрежичка од базалкално влакно Адингтерм- MX со помош на глетарка. Лентите од мрежичката се поставуваат со меѓусебен преклоп од 10 см. Доколку се вградува како систем од три наноса и два слоја мрежичка (3+2), втората мрежичка се поставува нормално на претходната.
Секој нареден нанос Битек-М, кога се нанесува со четка, се нанесува во нормален правец (90°) во однос на претходниот нанос, за да се добие уедначен заштитен систем и со временско растојание од 24 часа. Постапката со поставување на мрежичката се повторува на начин опишан погоре.
Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи и мрзнење во период од минимум 48 часа.

ХИДРОИЗОЛАЦИИ

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| БИТЕК-П | 0,3 до 0,4 кг/м² |
| БИТЕК-М | |
| за два слоја | 3,0 до 3,5 кг/м² |
| за три слоја | 4,5 до 5,0 кг/м² |
| мрежичка за еден слој | 1,15 м²/ м² |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во лимени канти од 4 и 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5°C до 25°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со ладна вода и да се обезбеди медицинска помош. При работа со производот да се користи заштитана опрема (чевли, облека, очила и ракавици). Доколку се работи во затворени простории, потребно е да се обезбеди добра вентилација.
Пожар:
Да се обезбедат соодветни средства за гаснење на пожар.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Битек-М се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*